# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА

# ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

# ЗА ДЕЛОВНАТА 2021 ГОДИНА

**Скопје, Април 2022 година**

СОДРЖИНА

Општи информации за ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ............................3

Број на вработени ........................................................................................................3

Управување со финансиски ризик ..............................................................................4 – 5

Консолидирани финансиски резултати .......................................................................5

Структура на приходите од редовно работење (оперативни приходи)...............................6

Расходи од работењето ...............................................................................................7

Консолидирани средства и извори на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ ....8

Долгорочен долг спрема основната главница ...............................................................8

Годишниот консолидиран извештај за работењето на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје, кој е изработен согласно Законот за трговските друштва и актите на Друштвата и го опфаќа работењето на ГРУПАТА во периодот од Јануари – Декември 2021 година.

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

Акционерско друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА Скопје е основано и работи во Република Северна Македонија. Скратениот назив на друштвото гласи: ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ.

Основна дејност на ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп.

Собранието на друштвото го сочинуваат акционери-сопственици на акционерскиот капитал. Основната главнина на друштвото е поделена на 161.540 обични акции.

Управувањето на Друштвото согласно Законот за трговските друштва е организирано според едностепен систем на управување.

Седиште и адреса на друштвото е на Ул.Македонија 11-А, Скопје.

ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ покрај матичното друштво ја сочинува и Трговско друштво за трговија на големо и мало МЕПКОМ Кочо и други ДОО увоз-извоз Скопје со мнозинска сопственост.

## 2. БРОЈ НА ВРАБОТЕНИ

Во ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ има 7 вработени.

## 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИ РИЗИК

Во своето работење ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД е изложена на повеќе видови на финансиски ризици, како што се : пазарен ризик, кредитен ризик, ризик од промена на каматните стапки и ризик од неликвидност. За управување со финасиските ризици е надлежен Одборот на Директори. Основата на управувањето со финансискиот ризик се состои во изнаоѓање начини за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти.

### 3.1 Пазарен ризик

Ризик од промени на девизниот курс

ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД не користи соодветни финансиски инструменти за да го намали овој ризик, бидејќи вакви инструменти не се во примена во Република Северна Македонија. Поради тоа ГРУПАТА е изложена на ризик само поради можните флуктуации на курсевите на странските валути.

Ризик од промена на цените

ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД е изложена на ризик од промена на пазарните цени на вложувањата расположливи за продажба.

### 3.2 Кредитен ризик

ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД е изложена на кредитен ризик во случај кога купувачите на услугите нема да можат да ги извршат своите обврски спрема ГРУПАТА.

Побарувањата од купувачите вклучуваат побарувања од купувачи со умерени салда, што претставува спроведување на политиката на дисперзија на побарувањата на поголем број купувачи со цел да се избегне зависноста од мал број на купувачи.

### 3.3 Ризик од промена на каматните стапки

Ризикот од промена на каматите се јавува кога ГРУПАТА користи кредити. Обврските по кредити вообичаено се отплатуваат по променливи каматни стапки.
ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ нема посебна политика за намалување на каматниот ризик и истиот го регулира преку директни преговори со банките.

### 3.4 Ризик од неликвидност

Ризикот од неликвидност постои кога ГРУПАТА нема да биде во состојба навремено да ги плаќа обврските кон доверителите и кредиторите.
ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ нема ликвидносни проблеми во работењето затоа што води политика на навремено обезбедување на потребните парични средства за плаќање на доспеаните обврски.

## 4. КОНСОЛИДИРАНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во деловната 2021 година оствари позитивен финансиски резултат со нето добивка по оданочување од 6.437.219,00 денари.

Табеларен приказ на резултатите од работењето

| Р.Б | Позиции | Остварени резултати во 2020 година | Остварени резултати во 2021 година | Индекс 2021/ 2020 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Оперативни приходи од работењето | 28.630.738,00 | 26.374.654,00 | 92,12 |
| 2. | Оперативни расходи од работењето | 21.104.460,00 | 19.382.807,00 | 91,85 |
| 3. | Финансиски приходи | 172.572,00 | 351.187,00 | 203,51 |
| 4. | Финансиски расходи | 179.509,00 | 1.357,00 | 0,76 |
| 5. | **Добивка пред оданочување** | **7.519.341,00** | **7.341.677,00** | **97,64** |
| 6. | Данок на добивка | 1.018.016,00 | 904.458,00 | 88,85 |
| 7. | **Добивка за финансиска година** | **6.501.325,00** | **6.437.219,00** | **99,02** |

ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје во 2021 година има остварено вкупно приходи во износ од 26.725.841,00 денари. Овие приходи за овој извештаен период се составени од:

- оперативни приходи (приходи од тековното работење) во износ од 26.374.654,00 денари учествуваат со 98,69 % во вкупните приходи;
- финансиски приходи во износ од 351.187,00 денари учествуваат со 1,31% во вкупните приходи.

## 5. СТРУКТУРА НА ПРИХОДИТЕ ОД РЕДОВНОТО РАБОТЕЊЕ (ОПЕРАТИВНИ ПРИХОДИ)

| Ред. број | Оперативни приходи | 2020 | 2021 | Индекс (2021/2020) | Структура (за 2021) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Приходи од закуп | 24.114.030,00 | 25.410.031,00 | 105,38 | 96,35 |
| 2. | Други приходи | 4.516.708,00 | 964.623,00 | 21,36 | 3,65 |
| | **Вкупно** | **28.630.738,00** | **26.374.654,00** | **92,12** | **100%** |

ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во извештајната 2021 година има остварено приходи од редовно работење – оперативни приходи во износ од 26.374.654,00 денари.

Во структурата на приходите од редовното работење - оперативите приходи доминантно учество од 25.410.031,00 денари или 96,35% имаат приходите од закуп, кои во однос на 2020 година има пораст од 5,38%. Основната дејност на ГРУПАТА во 2021 година е издавање под закуп на деловни простории и политиката на ГРУПАТА е насочена кон зголемување на овој тип на приходи.

Другите оперативни приходи во износ од 964.623,00 денари учествуваат со 3,65% во вкупните оперативни приходи и истите во однос на 2020 година имаат пад од 78,64%. Во оваа група спаѓаат приходите од наплата на отпишани побарувања, приходи од наплатени штети, приходи од продажба на постојани средства и други.

## 6. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО

| Ред. број | Расходи од работењето | 2020 | 2021 | Индекс (2021/2020) | Структура (за 2021) |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Трошоци за суровини и други материјали | 101.220,00 | 61.292,00 | 60,56 | 0,32 |
| 2. | Услуги со карактер материјални трошоци | 6.518.855,00 | 6.648.192,00 | 101,99 | 34,30 |
| 3. | Трошоци за вработените | 4.193.106,00 | 3.782.313,00 | 90,21 | 19,52 |
| 4. | Амортизација на материјални и нематеријални средства | 5.289.022,00 | 2.896.452,00 | 54,77 | 14,95 |
| 5. | Вредносно усогласување на нетековни и тековни средства | 2.211.366,00 | 1.927.909,00 | 87,19 | 9,95 |
| 6. | Останати трошоци од работењето | 2.790.891,00 | 4.066.649,00 | 145,72 | 20,98 |
| | **Вкупно оперативни расходи** | **21.104.460,00** | **19.382.807,00** | **91,85** | **99,99** |
| 1. | Расход по основ на камати | 179.509,00 | 1.357,00 | 0,76 | 0,01 |
| | **Вкупно финансиски расходи** | **179.509,00** | **1.357,00** | **0,76** | **0,01** |
| | **Вкупно расходи** | **21.283.969,00** | **19.384.164,00** | **91,08** | **100,00** |

Вкупните расходи од работењето во 2021 година изнесуваат 19.384.164,00 денари.

Вкупните расходи се состојат од:

- Оперативни расходи (расходи од редовното работење) во износ од 19.382.807,00 денари и истите во вкупните расходи учествуваат со 99,99%, а во однос на 2020 имаат пад од 8,15%.
- Финансиски расходи во износ од 1.357,00 денари во вкупните расходи учествуваат со 0,01%, а истите во однос на 2020 имаат пад од 99,24%.

## 7. КОНСОЛИДИРАНИ СРЕДСТВА И ИЗВОРИ НА ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД СКОПЈЕ

Согласно Консолидираниот Билансот на состојба вредноста на активата (средствата) и на пасивата (изворите) на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во 2021 година изнесуваат 317.279.564,00 денари.

Структурата на средствата покажува учество на нетековните средства од 93,92%, а на тековните средства од 6,08% во вкупните средства во 2021 година.

Краткорочните побарувања во 2021 година изнесуваат 6.076.990,00 денари и во однос на 2020 година има пораст од 33,61%.

Структурата на изворите во 2021 година покажува учество на главнината и резервите со 98,53%, а на обврските со 1,47% во вкупните извори.

Вкупните обврски во 2021 година изнесуваат 4.405.208,00 денари. Од вкупните обврски долгорочните обврски изнесуваат 2.055.591,00 денари или со учество од 46,67%, додека краткорочните обврски изнесуваат 2.349.617,00 денари или со учество од 53,33%.

## 8. ДОЛГОРОЧЕН ДОЛГ СПРЕМА ОСНОВНАТА ГЛАВНИЦА

Долгорочниот долг, односно долгорочните кредити на ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД во 2021 година нема.

**Јасмина Цветаноска**

**Генерален извршен директор**
**ГРУПА ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД**